## УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Oligovit® /Олиговит®** и за што се употребува
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Oligovit® /Олиговит®**
3.Како да го земате/ употребувате **Oligovit® /Олиговит®**
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Oligovit® /Олиговит®**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

**OLIGOVIT® /ОЛИГОВИТ®**
**complex**
**Филм-обложена таблета**

### 1. Што претставува Oligovit® /Олиговит® и за што се употребува

**Oligovit® /Олиговит®** филм-обложените таблети се комбинација од 10 витамини и 10 најпотребни минерали. **Oligovit® /Олиговит®** филм-обложените таблети можат да ги надоместат зголемените потреби на организмот за витамини и минерали како и да го надокнадат нивниот недостаток во исхраната (еднолична исхрана, диети, алкохолизам). Витамините и минералите кои влегуваат во состав на **Oligovit® /Олиговит®** филм-обложените таблети можат да допринесат за зголемување на отпорноста на организмот спрема болестите, за растење, за развој и нормално функционирање на организмот, бидејќи непосредно учествуваат во биохемиските процеси.
**Oligovit® /Олиговит®** филм-обложените таблети се препорачуваат:
-како дополнување на исхраната во состојби на неадекватна исхрана (во тек на диети, гладување)
-како дополнување на витамини и минерали во тек на бременост и доење
-кај премореност после тежок физички напор
-во состојби на опоравување после: болести пропратени со високи температури, хируршки зафати
-кај заостанување во растот, недостаток на апетит, губење на телесна маса
-при дефицит настанат поради гастроинтестинални и хепатобилијарни болести
-при стресни состојби во кои се можни зголемени потреби за витамини и минерали

### 2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Oligovit® /Олиговит®

**Немојте да го земате/употребувате Oligovit® /Олиговит®:**
**Oligovit® /Олиговит®** филм-обложените таблети не смеат да ги користат лица пречувствителни на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Oligovit® /Олиговит®**
Производот не е наменет за деца помлади од 12 години.

SHKUP
СКОПЈЕ

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени,планирате бременост или доите,пред да почнете да го земате граничниот производ ,посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**
Примената на **Oligovit® /Олиговит®** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Земање/употреба на други медицински производи**
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате,или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.
Не се препорачува истовремено земање на други препарати кои содржат витамини А и Д поради можност од предозирање со витамин А и Д.
Поради потенцијалните интеракции на железо и калциум со поединечни намирници и лекови, **Oligovit® /Олиговит®** филм-обложените таблети треба да се земаат најмалку 2 часа пред или после нивната примена. Во тие намирници спаѓаат: млеко и млечни производи, јајца, спанаќ, леб од интегрално брашно, житарици, тестенини, чај, кафе и какао.
**Oligovit® /Олиговит®** филм-обложените таблети не треба истовремено да се користат со следните лекови: тетрациклини, пеницилини, хинолони, хлорамфеникол, рифампицин, метилдопа, парацетамол, индометацин, пенициламин, антациди со алуминиум, магнезиум и калциум.

**3.Како да го земате/употребувате Oligovit® /Олиговит®**
Возрасни и деца постари од 12 години: Еднаш дневно да се испие по 1 филм-обложена таблета со малку вода.
Препорачаната дневна доза не смее да се надмине.
Граничните производи не може да се користат како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Oligovit® /Олиговит®**
Ако приметите било какви несакани дејства,Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Oligovit® /Олиговит®**
Да се чува на температура до 25°C во оригиналното пакување, на суво и темно место.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**
Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKESORE
SHKUP * СКОПЈЕ

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**
**Состав на граничен производ**

| **Состав** | **1 филм-обложена таблета** | **% НРВ*** | **100 g производ** |
|---|---|---|---|
| Витамин А | 400 µg RE | 50 | 35,9 mg RE |
| Витамин Д | 6 µg | 120 | 538 µg |
| Витамин Е | 15 mg TE | 125 | 1,34 g TE |
| Витамин $Б_1$ | 2 mg | 182 | 179 mg |
| Витамин $Б_2$ | 2 mg | 143 | 179 mg |
| Витамин $Б_6$ | 3 mg | 214 | 269 mg |
| Витамин Ц | 100 mg | 125 | 8,97 g |
| Витамин $Б_{12}$ | 6 µg | 240 | 538 µg |
| Ниацин | 10 mg | 63 | 896 mg |
| Пантотенска киселина | 10 mg | 167 | 896 mg |
| Калциум | 120 mg | 15 | 10,76 g |
| Молибден | 100 µg | 200 | 8,97 mg |
| Хром | 30 µg | 75 | 2,69 mg |
| Флуорид | 0,6 mg | 17 | 54 mg |
| Манган | 0,5 mg | 25 | 45 mg |
| Бакар | 0,5 mg | 50 | 45 mg |
| Цинк | 1,5 mg | 15 | 135 mg |
| Магнезиум | 60 mg | 16 | 5,38 g |
| Железо | 20 mg | 143 | 1,79 g |
| Јод | 30 µg | 20 | 2,69 mg |

*НРВ- нутритивна референтна вредност

Состојки: средство за зголемување на волумен:микрокристална целулоза, калциум фосфат, аскорбинска киселина, магнезиум оксид, железо сулфат, DL-α-токоферил ацетат, никотинамид, калциум пантотенат, стабилизатор: вкрстено врзана натриум карбоксиметилцелулоза, згуснувач: хидрокси-пропил-метил целулоза, стабилизатор: магнезиум старат, средство против згрутчување: стеаринска киселина, згуснувач: макрогол, средство за глазирање: шелак, пиридоксин хидрохлорид, средство против згрутчување: талк, тиамин хидрохлорид, рибофлавин, цинк сулфат, боја: Е 172, Е 171,

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
SHKUP • СКОПЈЕ

натриум флуорид, манган сулфат, бакар сулфат, стабилизатор: поливинилпиролидон, боја:Е120, ретинил ацетат, рицинусово масло, натриум молибдат, хром хлорид, калиум јодид, холекалциферол, цијанокобаламин.

**Изглед на граничен производ и пакување**
Филм-обложени таблети со тркалезен облик и црвена боја.
Картонска кутија со упатство и 3 блистери (Al/PVC-PVC/PVdC) со по 10 филм-обложени таблети.

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје,Р.С. Македонија,
Бул.Кочо Рацин 14

**Производител:**
Галеника а.д. Београд , Батајнички друм б.б., 11 080 Белград, Република Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**